

# **<u>Работилница на тема: “Превенција од рак на дојка</u>**<u>“ во руралните средини: Мустафино, Ерџелија и Горобинци.</u>

Координаторката за еднакви можности на мажите и жените заедно со Комисијата за еднакви можности на мажите и жените при Советот на Општина Свети Николе континуирано ги спроведуваат активностите од тригодишниот проект „Ние сме жени лидерки и двигателки на промени во нашите заедници“, односно активноста МЕНТОРСКА ПРОГРАМА.

Како под-активност на Менторската програма, беше одржана трибина на ден **11 Септември 2014 година** – Четврток во подрачните единица на Училиштата во овие рурални средини, на тема**: “Превенција од рак на дојка**“, водена од страна на Д-р Гордана Митева и Д-р Јулијана Китановска Спасев.

Главна цел на трибината беше подигнување на свеста за ракот на дојка и важноста од правење редовни мамографски прегледи.

**<u>Општина Свети Николе, како поддржувач на овој проект, ќе обезбеди бесплатен превоз за спроведување на мамографски прегледи на сите заинтересирани жени.</u>**

Проектот е финансиран од UN WOMEN - Фондот на Обединетите Нации за родова еднаквост, а партнерски се спроведува од Македонско женско лоби и Одделот за родови студии на Универзитетот „Евро-Балкан“, во соработка со организациите Десиде и Сирма. Стратешки партнер на проектот е Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Собранието на Република Македонија.

**Комисија за еднакви можности на**
**жените и мажите при**
**Совет на Општина Свети Николе**